"Neni 46-v

Mjetet nga gjobat e kumtuara në pajtim me nenet 45 dhe 46 të këtij ligji, paraqesin të hyra të Buxhetit të Republikes së Maqedonisë."

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

167.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Се прогласува Законот за Европски работнички совет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2012 година.

Бр. 07- 152/1
11 јануари 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Законот

Член 1

(1) Со овој закон се уредува основањето на европски работнички совет или утврдување на постапка за информирање и консултирање на вработените во трговски друштва или групации на трговски друштва што работат на ниво на Европската унија (во натамошниот текст: друштво или групација на ниво на ЕУ).

(2) Европски работнички совет се основа под услови и во постапка определени со овој закон.

(3) Постапка за информирање и консултирање на вработените се утврдува со договор меѓу друштво или групација на ниво на ЕУ и претставниците на вработените во посебно преговарачко тело, во согласност со овој закон.

Цел на Законот

Член 2

(1) Целта на овој закон е да се унапреди правото на информирање и консултирање за транснационалните прашања и унапредување на дијалог меѓу социјалните партнери согласно со закон, колективни договори и меѓународен договор.

(2) Вработените во друштво или групација на ниво на ЕУ во две или повеќе земји членки, се информираат и консултираат кога одлуките што се однесуваат на нив се донесуваат во земја членка која не е земјата во којашто се вработени.

Транснационални прашања

Член 3

Прашањата што се однесуваат на друштво или групација на ниво на ЕУ или најмалку на две друштва или подружници на друштвото или групацијата на друштва сместени во две различни земји членки на Европската унија (во натамошниот текст: земји членки), се сметаат за транснационални.

Субјекти на кои се однесува информирањето и консултирањето и начинот на информирање и консултирање

Член 4

(1) Информирањето и консултирањето преку европски работнички совет или во постапка за информирање и консултирање на вработените во друштвата, коишто работат во две или повеќе земји членки, се врши во сите подружници кои се наоѓаат во одредена земја членка, а во случај на групации за сите друштва со седиште во земјите членки, освен доколку поинаку не е договорено.

(2) Претставниците на вработените и на управата на друштвото или друштвото со доминантно влијание во групацијата, спогодбено ги определуваат природата, функцијата, начинот на работа, постапките и финансиските средства на европскиот работнички совет или другите постапки на информирање и консултирање.

Примена на Законот

Член 5

(1) Овој закон се применува на друштвата од територијата на Европската унија кои имаат седиште во Република Македонија и на групациите на друштвата од територијата на Европската унија.

(2) Доколку друштвото или друштвото со доминантно влијание нема свое седиште во земја членка, одредбите на овој закон се применуваат за која било подружница во Република Македонија, доколку друштвото или друштвото со доминантно влијание ќе ја овласти оваа подружница за свој претставник. Доколку нема овластен претставник, овој закон ќе се применува, доколку во Република Македонија постои подружница или друштво со најмногу вработени во споредба со другите подружници или друштва во групацијата на друштва во земјите кои не се членки на ЕУ.

(3) Овој закон не се применува на екипажот на трговски бродови.

Дефиниции

Член 6

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Претпријатие/друштво што работи на ниво на ЕУ" е секое друштво со најмалку 1.000 вработени во рамките на земјите членки и најмалку 150 вработени во секоја од најмалку две земји членки;

2. "Групација на претпријатија/друштва" е друштво со доминантно влијание и друштвата под доминантно влијание;

3. "Групацијата на претпријатија/друштва што работат на ниво на ЕУ" е групација на друштва со следниве карактеристики:

- најмалку 1.000 вработени во рамките на земјите членки,
- најмалку две друштва во групацијата во различни земји членки и
- најмалку едно друштво од групацијата со најмалку 150 вработени во една земја членка и најмалку едно друштво од групација со најмалку 150 вработени во друга земја членка;

4. "Друштво со доминантно влијание" е друштво што може да изврши доминантно влијание над друго друштво под доминантно влијание, врз основа на сопственост, финансиско учество или прописите кои се применуваат на тоа друштво;

5. "Друштво под доминантно влијание" е друштво над кое друго друштво со доминантно влијание има непосредно или посредно преовладувачко влијание;

6. "Претставници на вработените" се претставниците на вработените предвидени со закон и со прописите на земјите членки;

7. "Централна управа" е централната управа на друштвото што работи на ниво на ЕУ или, во случај на групација на друштва што работат на ниво на ЕУ, на друштвото со доминанто влијание;

8. "Информирање" значи пренесување на податоци од страна на работодавачот до претставниците на вработените во соодветно време, на соодветен начин и со соодветна содржина со цел да им се овозможи да се запознаат со истите, да ги разгледаат и да направат детална анализа на можното влијание и таму каде што е соодветно, да се подготват за консултирање со надлежниот орган на друштвото или групацијата на друштва на ниво на ЕУ;

9. "Консултирање" значи воспоставување дијалог и размена на мислења меѓу претставниците на вработените и на централната управа или кое било соодветно ниво на управување во време, на начин и со содржина што им овозможува на претставниците на вработените во разумен рок да го искажат своето мислење, врз основа на обезбедените информации за предложените мерки на кои се однесува консултирањето, без да се доведат во прашање надлежностите на управата, кое мислење може да се земе предвид во друштвото или групацијата на ниво на ЕУ;

10. "Европски работнички совет" е совет кој е основан за информирање и консултирање на вработените, согласно со одредбите од овој закон и

11. "Посебно преговарачко тело" е тело кое е основано за преговарање со централната управа во врска со основање на европски работнички совет или за утврдување на постапка за информирање и консултирање на вработените, согласно со одредбите од овој закон.

Начин на пресметување на бројот на вработените

Член 7

Бројот на вработените во друштвата и подружниците во Република Македонија, согласно со пропишаните услови и рамки за бројот на вработените во друштвата и групациите на друштвата на ниво на Европската унија, се пресметува врз основа на просечниот број вработени во текот на претходните две години од работењето, вклучувајќи ги и вработените со скратено работно време согласно со закон.

Должност за доставување податоци за вработените

Член 8

Централната управа е должна на претставниците на вработените, на нивно барање, да им доставува податоци за вкупниот број вработени и нивната распореденост по земјите членки, за друштвата и нивните подружници и за структурата на друштвото или групацијата на ниво на ЕУ.

Друштво со доминантно влијание

Член 9

(1) Се смета дека едно друштво има доминантно влијание, директно или индиректно, во однос на друго друштво, ако:

- има мнозинство од капиталот на друштвото,
- контролира мнозинство гласови додадени кон издадениот акционерски капитал на друштвото или
- може да назначи повеќе од половина членови во административното, управното или надзорното тело на друштвото.

(2) Правата на друштвото со доминантно влијание во однос на гласањето и назначувањето од ставот (1) алинеја 3 на овој член ги вклучува правата на кое било друго друштво и правата на лицето или телото кои дејствуваат во свое име, но за сметка на друштвото со доминантно влијание или кое било друго друштво под доминантно влијание.

(3) Доминантното влијание од ставот (1) на овој член не се определува само врз основа на надлежностите кои се однесуваат на стечај или ликвидација согласно со законите на земјите членки во однос на такви постапки.

(4) Прописите што се применуваат за да се определи дали едно друштво е друштво со доминантно влијание, се прописите кои земјите членки на ЕУ ги применуваат на тоа друштво.

(5) Ако прописите кои се однесуваат на друштвото не се прописи на земјата членка, ќе се применуваат прописите на земјата-членка на чија територија е сместен претставникот на друштвото или во отсуство на таков претставник, централната управа на друштвото од групацијата во кое се вработени најголем број работници.

(6) Ако во случај на судир на закони при примената на ставот (1) на овој член, две или повеќе друштва од групацијата исполнуваат еден или повеќе критериуми од критериумите утврдени во ставот (1), друштвото кое што го исполнува критериумот утврден во ставот (1) алинеја 3 на овој член се смета за друштво со доминантно влијание, без да се доведе во прашање доказот дека друго друштво е способно да го извршува доминантното влијание.

II. ОСНОВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ ИЛИ УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И КОНСУЛТИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Основање на европски работнички совет или утврдување на постапка за информирање и консултирање на вработените

Член 10

(1) Централната управа на друштво или групација на ниво на ЕУ, е должна да обезбеди услови и средства потребни за основање на европски работнички совет или утврдување на постапка за информирање и консултирање на вработените во друштво или групација на ниво на ЕУ.

(2) Кога централната управа не е сместена во земја членка, претставникот на централната управа во земјата членка, кој се именува по потреба, ја презема обврската од ставот (1) на овој член.

(3) Во отсуство на претставник од овој вид, управата на подружницата или на друштвото од групацијата во кое работат најголем број вработени во која било земја членка, ја презема обврската од ставот (1) на овој член.

(4) Претставникот или претставниците или во случај на отсуство на претставници од овој вид, управата на подружницата или на друштвото од групацијата од ставот (3) на овој член, се сметаат за претставници на централната управа.

(5) Управата на секое друштво или групација на ниво на ЕУ и централната управа или управата која се смета за централна управа во смисла на членот 6 од овој закон, од друштвото или групацијата на друштва

на ниво на ЕУ се одговорни за добивање и пренесување на информации што се потребни за започнување на преговорите наведени во членот 8 од овој закон, а особено информации за структурата на друштвото или на групацијата и нивните вработени до засегнатите страни. Оваа обврска, особено се однесува на информациите за бројот на вработените во друштво или групација на ниво на ЕУ.

III. ПОСЕБНО ПРЕГОВАРАЧКО ТЕЛО

Начин на основање

Член 11

(1) Посебно преговарачко тело е тело кое се основа заради остварување на правото на информирање и консултирање на вработените во друштвата и групациите на ниво на ЕУ и преговарање со централната управа за основање на европски работнички совет или утврдување на постапка за информирање и консултирање на вработените.

(2) Посебно преговарачко тело се основа на иницијатива на централната управа или врз основа на писмено барање од најмалку 100 вработени или нивни претставници во најмалку две друштва или подружници во најмалку две различни земји членки.

(3) Барањето се смета за поднесено, доколку истото е потпишано од најмалку 100 вработени или нивни претставници во најмалку две друштва или подружници во најмалку две различни земји членки и доколку приемот на барањето е потврден од централната управа.

(4) Доколку се поднесени повеќе од едно барање се бројат и собираат потписите на вработените, односно потписите на нивните претставници од сите поднесени барања.

(5) Вработените во друштвото или подружницата во кои не се избрани претставници на вработените, имаат право да избираат и именуваат членови на посебното преговарачко тело.

(6) Членовите на посебно преговарачко тело се избираат сразмерно со бројот на вработените кои се вработени во секоја земја членка, со тоа што на секоја земја членка и се доделува едно место за секој број на вработени кои се вработени во таа земја членка што изнесува 10% или дел од истиот процент, од бројот на вработените кои се вработени во сите земји членки заедно.

(7) Централната управа и управата на друштвото, односно подружницата на друштвото, како и надлежните европски организации на работниците и работодавачите, се известуваат за составот на посебното преговарачко тело и за почетокот на преговорите.

Состав на посебното преговарачко тело

Член 12

(1) Од секоја земја членка во која работи друштвото или подружницата, односно групацијата во посебното преговарачко тело се определува еден претставник на вработените.

(2) Посебното преговарачко тело има најмалку три, а најмногу толку членови, колку што изнесува бројот на земјите членки.

(3) Од секоја земја членка со најмалку 25% вработени во друштвото или подружницата, односно групацијата се определува по еден дополнителен претставник, двајца дополнителни претставници се определуваат од земјите членки со најмалку 50% вработени и тројца дополнителни претставници од земјите членки со најмалку 75% вработени.

Избор на претставници во посебното преговарачко тело од Република Македонија

Член 13

(1) Претставниците на вработените од Република Македонија во посебното преговарачко тело ги избираат репрезентативните синдикати на избори со тајно гласање.

(2) Право да предлагаат кандидати за членови на посебното преговарачко тело имаат репрезентативните синдикати во друштвото или подружницата и најмалку 50 вработени во друштвото или подружницата.

Известување на централната управа за избраните членови на посебното преговарачко тело

Член 14

Посебното преговарачко тело е должно на централната управа, веднаш по извршениот избор, да и достави список со име и презиме на своите членови, нивните адреси и податок од кои друштва, односно подружници доаѓаат.

Основачко собрание, деловник, експерти

Член 15

(1) Веднаш по добивањето на известувањето за извршениот избор на членовите на посебното преговарачко тело, централната управа свикува основачко собрание на посебното преговарачко тело и за тоа ја известува управата на подружниците и друштвата.

(2) Посебното преговарачко тело избира претседател од редот на своите членови и усвојува свој деловник.

(3) Пред и по секој состанок со централната управа, посебното преговарачко тело има право да се состане без присуство на претставници од централната управа, а притоа да ги користи сите потребни средства за комуникација.

(4) Посебното преговарачко тело ги усвојува своите одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(5) Посебното преговарачко тело, во врска со преговорите, може да побара помош од експерти по сопствен избор меѓу кои можат да бидат вклучени и претставниците од надлежните и признати синдикати на ниво на ЕУ, кои самото ќе ги избере, доколку тоа е потребно за правилно извршување на неговите задачи. Експертите и претставниците можат да присуствуваат на состаноците за преговори во советодавно својство на барање од посебното преговарачко тело.

Одлука за прекин на преговорите

Член 16

(1) Посебното преговарачко тело, со најмалку двотретинско мнозинство од гласовите на своите членови, може да одлучи да не ги започне преговорите или да ги прекине започнатите преговори. Ваквата одлука ја запира постапката за постигнување договор во смисла на членот 18 од овој закон. За одлуката и резултатите од гласањето, се составува записник кој го потпишува претседателот на посебното преговарачко тело, а копија од записникот се испраќа до централната управа.

(2) Ново барање за основање на посебно преговарачко тело, може да се поднесе најрано две години од денот на усвојувањето на одлуката од ставот (1) на овој член, доколку засегнатите страни не утврдат некој пократок рок.

Трошоци

Член 17

(1) Трошоци поврзани со основањето и работата на посебното преговарачко тело ги сноси централната управа.

(2) Доколку се вклучат експерти, согласно со членот 15 став (5) од овој закон, централната управата ги сноси трошоците само за еден експерт.

(3) Централната управа е должна да обезбеди простории, материјални средства, преведувачи и административен персонал потребни за состаноците, како и да ги сноси патните трошоци и трошоците за престој (исхрана и ноќевање) на посебното преговарачко тело, освен ако поинаку не е определено.

IV. ДОГОВОР ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ ИЛИ УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И КОНСУЛТИРАЊЕ

Слобода на организирање

Член 18

(1) Централната управа и посебното преговарачко тело заедно одлучуваат за начинот на организирање на информирањето и консултирањето на вработените.

(2) Централната управа и посебното преговарачко тело, преговараат и соработуваат со цел да се постигне договор дали за информирањето и консултирањето со вработените ќе се основа европски работнички совет или ќе се утврди постапка за информирање и консултирање на вработените.

(3) Страните од ставот (1) на овој член со договор во писмена форма го утврдуваат составот, надлежностите и мандатот на европскиот работнички совет или утврдувањето на постапката за информирање и консултирање со вработените.

(4) Договорот од ставот (3) на овој член важи за сите земји членки во кои работи друштво или групација на ниво на ЕУ.

Договор за основање на европски работнички совет

Член 19

(1) Европски работнички совет се основа со договор во писмена форма, кој го склучуваат централната управа и посебното преговарачко тело, по претходно одржани преговори и соработка меѓу страните, без да се наруши автономијата на страните, со кој се утврдува:

- на кои друштва, подружници и групации се однесува договорот, вклучително со друштвата и подружниците надвор од територијата на земјите членки, кога истите се опфатени,
- составот на европскиот работнички совет, бројот на членовите, распределбата на местата имајќи ја предвид рамномерната застапеност на вработените според нивната активност, категорија и пол, како и мандатот,
- делокругот на работа на европскиот работнички совет и постапката за информирање и консултирање на европскиот работнички совет и формите и начините за поврзување на информирањето и консултирањето на европскиот работнички совет и националните претставнички тела на вработените,
- местото и времето на одржување на седниците на европскиот работнички совет,
- составот, постапката за именување и разрешување, делокругот и начинот на работа на одборот од членот 27 од овој закон,
- финансиските и материјалните средства кои треба да му се обезбедат за работа на европскиот работнички совет и
- датумот на влегување во сила на договорот и неговото времетраење, начинот на изменување и дополнување или раскинување на договорот и случаите во коишто се водат повторни преговори за склучување на договор, при промени во структурата на друштвото или групацијата на ниво на ЕУ.

(2) Доколку не е поинаку договорено, во поглед на определувањето на членовите на европскиот работнички совет од Република Македонија, се применува членот 23 од овој закон.

Договор за утврдување на постапка за информирање и консултирање

Член 20

(1) Централната управа и посебното преговарачко тело со договор во писмена форма можат да одлучат и да утврдат една или повеќе постапки за информирање и консултирање со вработените, наместо да основаат европски работнички совет.

(2) Во договорот се определуваат условите и начинот под кои претставниците на вработените имаат право да се состануваат за да се консултираат за добиените информации, како и постапката за разгледување на нивните предлози со централната управа или друго соодветно ниво на управување.

(3) Информациите се однесуваат, пред сé, на транснационалните прашања кои суштински ги засегаат интересите на вработените во сите друштва на кои се однесува договорот.

(4) При донесувањето на одлука за склучување на договорот од членовите 19 и 20 од овој закон, посебното преговарачко тело одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на неговите членови.

V. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСНОВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Услови за задолжително основање на европски работнички совет

Член 21

(1) Европски работнички совет задолжително се основа согласно со членовите 22 и 23 од овој закон, доколку:

1) централната управа и посебното преговарачко тело прогласат неуспешни преговори;

2) централната управа не сака да започне преговори во рок од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето од членот 11 од овој закон или

3) во рок од три години од денот на поднесувањето на барањето не склучи договор од членовите 19 и 20 од овој закон и кога посебното преговарачко тело не донесе одлука во смисла на членот 16 од овој закон.

(2) Европски работнички совет не може да се основа, доколку посебното преговарачко тело пред истекот на рокот од ставот (1) точка 3 на овој член, усвоило одлука за прекинување на преговорите во смисла на членот 16 став (1) од овој закон.

Состав на европски работнички совет

Член 22

(1) Европскиот работнички совет е составен од вработените од друштвата или групациите на ниво на ЕУ.

(2) Од секоја земја членка во која работи друштвото или подружницата, односно групацијата на друштвата, во европскиот работнички совет се определува по еден претставник на вработените.

(3) Европскиот работнички совет има најмалку три, а најмногу 30 члена, а можат да се определат и нивни заменици.

(4) Од секоја земја членка со најмалку:

- 25% вработени се определува уште по еден дополнителен претставник,
- 50% вработени се определуваат уште по двајца дополнителни претставници и
- 75% вработени се определуваат уште по тројца дополнителни претставници.

Избор на членови на европскиот работнички совет од Република Македонија

Член 23

(1) Членовите на европскиот работнички совет од Република Македонија ги избираат вработените во друштвото и групацијата на друштвата што работат на ниво на ЕУ, на избори со тајно гласање.

(2) Право да предлагаат кандидати за членови на европскиот работнички совет имаат репрезентативните синдикати во друштвото или подружницата и најмалку 50 вработени во друштвото или подружницата.

Известување за избраните членови на европскиот работнички совет

Член 24

(1) Европскиот работнички совет е должен веднаш по извршениот избор на централната управа да и ги соопшти имињата на своите членови, нивните адреси и податокот од кои друштва, односно подружници доаѓаат.

(2) Централната управа овие податоци ги испраќа до управата на подружниците или друштвата, како и до репрезентативните синдикати во подружниците или друштвата во Република Македонија.

Основачка седница

Член 25

(1) По изборот на членовите на европскиот работнички совет, централната управа свикува основачка седница на европскиот работнички совет.

(2) На основачката седница европскиот работнички совет од редот на своите членови избира претседател и заменик-претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Претседател и заменик-претседател

Член 26

(1) Претседателот го застапува и претставува европскиот работнички совет.

(2) Заменик-претседателот во отсуство на претседателот го застапува и претставува европскиот работнички совет.

Одбор

Член 27

(1) Доколку европскиот работнички совет има девет или повеќе члена се формира тричлен одбор составен од претседател и двајца члена.

(2) Претседателот и членовите на одборот треба да бидат вработени во различни земји членки.

(3) Одборот ги води тековните работи на европскиот работнички совет.

(4) Европскиот работнички совет со помалку од девет члена, водењето на тековните работи може да го пренесе на претседателот или на некој друг член на европскиот работнички совет.

Одлуки, деловник, експерти

Член 28

(1) Европскиот работнички совет одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(2) Начинот на работа на европскиот работнички совет се уредува со деловник.

(3) Со деловникот може да се утврди дека на европскиот работнички совет и на неговиот одбор во работата ќе му помагаат експерти, кои сами ќе ги избираат, доколку тоа е потребно за правилно извршување на неопходните задачи.

Трошоци

Член 29

(1) Трошоците за основањето и работењето на европскиот работнички совет и неговиот одбор ги сноси централната управа.

(2) Централната управа е должна да обезбеди простории, материјални средства, преведувачи и административен персонал кој е потребен за состаноците на европскиот работнички совет.

(3) Централната управа е должна да ги сноси и патните трошоци и трошоците за престој (исхрана и ноќевање) на членовите на европскиот работнички совет и членовите на одборот, доколку поинаку не е определено.

(4) Доколку се вклучат експерти, централната управа ги покрива трошоците само за еден експерт.

Информирање и консултирање на европскиот работнички совет

Член 30

(1) Информирањето на европскиот работнички совет особено се однесува на структурата, економската и финансиската состојба, развојот и производството и продажбата на друштво или групација на ниво на ЕУ.

(2) Информирањето и консултирањето на европскиот работнички совет е поврзано со состојбата и со трендот на вработувања, инвестиции и значителни промени во однос на организацијата, воведувањето на нови методи на работа или производни процеси, преноси на производството, спојувања, намалувања или затворање на друштва, подружници или важни делови од истите, како и колективни отпуштања од деловни причини.

(3) Консултирањето се спроведуваа така што членовите на европскиот работнички совет можат да се состанат со централната управа и да добијат одговор, со образложение за кое било прашање или мислење кое тие го искажале.

(4) Европски работнички совет има право да се состане со централната управа за да се информира и консултира, врз основа на извештај подготвен од централната управа, за напредокот на деловното работење на друштвото или групацијата на ниво на ЕУ и за нивните перспективи, за кои се известува и управата на друштвото, односно подружницата.

(5) Времето и местото на одржување на седниците од ставот (4) на овој член се определува по претходно усогласување со централната управа.

(6) Европскиот работнички совет може да се состане и на други седници, доколку централната управа се согласува со тоа.

(7) Седниците на европскиот работнички совет не се јавни.

Годишно информирање и консултирање

Член 31

(1) Централната управа најмалку еднаш во календарска година го известува европскиот работнички совет и се консултира со него за деловниот успех и перспективите на друштвото или групацијата на ниво на ЕУ и навремено му ја доставува потребната документација.

(2) Деловниот успех и перспективите од ставот (1) на овој член, пред сé, се однесуваат на:

- структурата, економската и финансиската положба на друштвото со доминантно влијание и друштво под доминантно влијание,
- предвидениот развој на работењето, производството и продажбата,
- состојбата со вработеноста и предвидениот развој,
- инвестиционите програми,
- темелните организациони промени,
- воведувањето на новите деловни и производни постапки,
- промената на локацијата на друштвото, подружниците или нивните суштински делови, како и преносот на производството на друго место,
- здружувањето или дејствувањето на друштвото или подружницата,
- намалувањето или затворањето на друштвата, подружниците или нивните суштински делови и
- колективното отпуштање на работници.

Информирање и консултирање во вонредни околности

Член 32

(1) Ако постојат вонредни околности или одлуки кои во значителен степен влијаат врз интересите на вработените, особено во случај на преместување, затворање на подружници или друштва или колективни отпуштања од деловни причини, одборот од членот 27 од овој закон или кога не постои ваков одбор, европскиот работнички совет има право да биде известен.

(2) Европскиот работнички совет на негово барање има право да се состане со централната управа или кое било соодветно ниво на управа во рамките на друштвото или групациите на ниво на ЕУ, со свои овластувања за одлучување, со цел да биде известен и консултиран.

(3) Членовите на европскиот работнички совет кои се избрани од подружниците и/или друштвата, кои директно се засегнати од вонредните околности или одлуки, имаат право да учествуваат на состаноците што се организирани со одборот. Овој состанок за информирање и консултирање се одржува што е можно поскоро врз основа на извештај подготвен од централната управа или кое било друго соодветно ниво на управа на друштвото или групацијата на друштва на ниво на ЕУ, за кои може да се достави мислење на крајот на состанокот или во разумен рок.

(4) Состанокот од ставот (3) на овој член не влијае врз надлежностите и овластувањата на централната управа.

(5) Спроведувањето на постапката за информирање и консултирање во вонредни околности треба да обезбеди ефикасност во информирањето и овозможувањето на друштвото или групацијата на ниво на ЕУ ефективно да донесува одлуки.

Информирање на претставниците на вработените

Член 33

По одржувањето на седница на европскиот работнички совет или неговиот одбор, европскиот работнички совет, односно неговиот одбор е должен да ги информира претставниците на вработените, односно репрезентативните синдикати за постапката на информирање и консултирање или доколку вакви претставници не постојат ги известува сите вработени во друштвото или подружниците.

Мандат и определување на нови членови

Член 34

(1) Мандатот на членовите на европскиот работнички совет трае четири години.

(2) Мандатот започнува да тече од изборот, односно именувањето на членовите на европскиот работнички совет.

(3) Европскиот работнички совет секоја втора година од денот на одржувањето на основачката седница разгледува и утврдува дали бројот на вработените во одделни земји членки се променил за да се промени и составот на европскиот работнички совет од членот 22 став (2) од овој закон.

(4) Доколку бројот на вработените во одделни земји се променил така што бара поинаков состав на европскиот работнички совет, истиот од надлежните органи ќе побара повторно да се определат членови на европскиот работнички совет за оние земји членки, каде што во споредба со минатиот период има потреба од поинаков број на претставници на вработените. Со ова завршува членството на вработените кои дотогаш ги претставувале овие земји во европскиот работнички совет.

(5) Ставовите (3) и (4) на овој член соодветно се применуваат и за земјите членки кои сé уште не биле застапени во европскиот работнички совет.

Почеток на преговори

Член 35

(1) Европскиот работнички совет кој е задолжително основан, најмалку шест месеци пред истекот на мандатот, со мнозинство гласови е должен да усвои одлука за започнување на преговори или да започне преговори за договор со централната управа, согласно со членот 19 од овој закон.

(2) Доколку европскиот работнички совет одлучи да започне преговори, истиот ги има истите права и обврски како и посебното преговарачко тело, во смисла на членовите 8, 12, 13 , 14 , 15, 16 и 17 од овој закон.

(3) Доколку дојде до склучување на договор за утврдување на постапка за информирање и консултирање, мандатот на европскиот работнички совет престанува од денот на склучувањето на договорот.

Соработка врз основа на меѓусебна доверба

Член 36

Централната управа и европскиот работнички совет соработуваат врз основа на меѓусебна доверба во интерес на вработените и друштвото или групацијата на ниво на ЕУ. Истото важи и за соработката меѓу централната управа и претставниците на вработените во рамките на постапката за информирање и консултирање.

Класифицирани информации

Член 37

(1) Централната управа е должна да дава информации за прашањата за кои ќе се договори, согласно со членовите 19 и 20 од овој закон или за прашањата од членовите 31 и 32 од овој закон.

(2) Членовите на посебните преговарачки тела, членовите на европскиот работнички совет и сите експерти кои им помагаат се должни да не откриваат класифицирани информации.

(3) Членовите на европскиот работнички совет се должни да ја почитуваат доверливоста на сите податоци за работењето со кои биле запознати како членови на европскиот работнички совет, а кои централната управа конкретно ги означила како класифицирани информации и кои не можат да се објавуваат и употребуваат.

(4) Одредбата од ставот (2) на овој член важи и за поранешните членови на европскиот работнички совет.

(5) Ставот (3) на овој член не важи за контактите со други членови на европскиот работнички совет и за контактите со претставниците на вработените во подружниците или друштвата, доколку овие лице мора да бидат известени за содржината на податоците и за резултатите од консултациите, согласно со договорот од членот 19 или 33 од овој закон, како и за контактите со претставниците на вработените во одборот со преведувачите или со експертите кои му помагаат на европскиот работнички совет.

(6) Должноста за почитување на класифицираните информации соодветно важи и за:

- членовите на посебното преговарачко тело,
- претставниците на вработените во рамките на постапката за информирање и консултирање од членот 20 од овој закон,
- експертите и преведувачите и
- претставниците на вработените во подружниците и друштвата во Република Македонија.

(7) Исклучоците во поглед на обврската за почитување на класифицираните информации во смисла на ставот (5) на овој член соодветно важат за:

- посебното преговарачко тело во однос на експертите и преведувачите и
- претставниците на вработените во рамките на постапката за информирање и консултирање во однос на преведувачите и експертите кои им помагаат во рамките на договорот и во контактите со претставниците на вработените во подружниците и друштвата во Република Македонија, доколку овие лица во рамките на договорот мора да бидат известени за содржината на податоците и за резултатите од консултациите од членот 20 од овој закон.

(8) Обврската за чување на доверливоста на податоците продолжува да важи независно од тоа каде се наоѓаат членовите на посебните преговарачки тела, членовите на европскиот работнички совет и сите експерти кои им помагаат и претставниците на вработените во рамките на постапката за информирање и консултирање и по истекот на нивниот мандат.

(9) Во случаите, под условите и ограничувањата утврдени со закон, централната управа што се наоѓа на територијата на земјата членка на ЕУ не е должна да дава информации кога нивната природа е таква што, според објективни критериуми утврдени со договорот за основање на европски работнички совет и договорот за утврдување на постапка за информирање и консултирање, тие сериозно би му наштетиле на функционирањето на засегнатите друштва или негативно би влијаеле на истите.

VI. ДОЛЖНОСТИ И ЗАШТИТА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Права, обврски и облици на заштита

Член 38

(1) Членовите на европскиот работнички совет се должни да ги претставуваат колективните интереси на вработените во друштвата и групациите на ниво на ЕУ.

(2) Членовите на европскиот работнички совет ги известуваат претставниците на вработените од подружниците или од друштвата и групацијата на ниво на ЕУ, а во отсуство на претставници, тие ги известуваат сите вработени за содржината и исходот од постапката за информирање и консултирање што е спроведена, не доведувајќи ги во прашање класифицираните информации, во смисла на членот 37 од овој закон.

(3) Членовите на посебните преговарачки тела, членовите на европскиот работнички совет и претставниците на вработените, при вршењето на своите функции, уживаат заштита и гаранции што им се обезбедуваат на претставниците на вработените, согласно со законот во земјата во којашто се вработени.

(4) Заштитата и гараниците од ставот (3) на овој член, како и исплатата на дневниците за членовите, важат за присуство на состаноците на посебните преговарачки тела или на европскиот работнички совет и на сите други состаноци во рамките на договорот од членот 20 став (3) од овој закон, за периодот на отсуство потребен за вршење на нивните должности.

(5) До степен до којшто е потребно за извршување на должностите на претставниците на вработените на меѓународно ниво, членовите на посебното преговарачко тело и на европскиот работнички совет имаат право на обука, без намалување на платата за тоа време.

VII. НАДЗОР

Овластени надзорни органи

Член 39

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши министерството надлежно за работите од областа на трудот.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Државниот инспекторат за труд.

(3) Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членот 40 од овој закон, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за поравнување, согласно со Законот за прекршоците.

(4) За прекршоците од членот 40 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

VIII. ПРЕКРШОЧНА ОДРЕДБА

Член 40

(1) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на правно лице, ако:

1) централната управа спротивно на членовите 31 став (1) и 32 став (1) од овој закон не изврши годишно информирање и консултирање и информирање и консултирање во вонредни околности или пак доколку доставува погрешни или непотполни податоци или не ги доставува навреме.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на правно лице, ако:

1) централната управа спротивно на членот 8 од овој закон не доставува податоци, доставува погрешни податоци или непотполни податоци или пак не ги доставува навреме.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок и на одговорното лице во правното лице кое ќе направи прекршок од ставот (1) на овој член.

Член 41

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот на трудот утврди дека е сторена неправилност од членот 8 од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на централната управа каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе работодавачи.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот на кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

(9) Државниот инспекторат за труд којшто го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(10) Министерството за труд и социјална политика - Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран квартален преглед.

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 42

Подзаконскиот акт предвиден со членот 41 ставови (2) и (9) од овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Влегување во сила

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

L I GJ
PËR KËSHILLIN EVROPIAN TË PUNËTORËVE

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Lenda e Ligjit

Neni 1

(1) Me këtë ligj rregullohet themelimi i Këshillit Evropian të Punëtorëve ose përcaktimi i procedurës për informim dhe konsultim të punonjësve në shoqëri tregtare ose grupe të shoqërive tregtare që punojnë në nivel të Unionit Evropian (në tekstin e mëtejmë: shoqëri ose grup në nivel të UE-së).

(2) Keshilli Evropian i Punëtorëve themelohet në kushte dhe procedurë të përcaktuar me këtë ligj.

(3) Procedura për informim dhe konsultim të punonjesve përcaktohet me marrëveshje ndërmjet shoqërisë ose grupit në nivel të UE-së dhe përfaqësuesve të punonjësve në trup të veçantë për negociata, në pajtim me këtë ligj.

Qellimi i Ligjit

Neni 2

(1) Qellimi i këtij ligji është të avancohet e drejta e informimit dhe konsultimit për çështje ndërkombëtare dhe avancim të dialogut ndërmjet partnerëve socialë në pajtim me ligjin, marrëveshje kolektive dhe marrëveshje nderkombetare.

(2) Të punësuarit në shoqëri ose grup në nivel të UE-së në dy apo më shumë shtete anëtare, informohen dhe konsultohen kur vendimet që kanë të bëjnë me ta miratohen në shtetin anëtar që nuk është vendi në të cilin janë të punesuar.

Çeshtje ndërkombëtare

Neni 3

Çeshtjet që kanë të bëjnë me shoqërinë ose grupin në nivel të UE-së ose së paku me dy shoqëri ose degë të shoqerise ose grupit të shoqërive të vendosura në dy vende të ndryshme anëtare të Bashkimit Evropian (në tekstin e metejme: vende anëtare), konsiderohen si ndërkombëtare.

Subjekte me të cilat kanë të bëjnë informimi dhe konsultimi dhe mënyra e informimit dhe konsultimit

Neni 4

(1) Informimi dhe konsultimi nëpërmjet Këshillit Evropian të Punëtorëve ose në procedurë për informim dhe konsultim të punonjësve në shoqëritë që punojnë në dy ose më shumë shtete anëtare, bëhet me të gjitha degët që ndodhen në shtetin anëtar të caktuar, e në rast të grupeve për të gjitha shoqëritë me seli në vendet anëtare, përveç nëse nuk eshte kontraktuar ndryshe.

(2) Perfaqesuesit e punonjësve dhe të drejtorisë së shoqerise ose shoqërisë me ndikim dominues në grup, në menyre kontraktuese i përcaktojnë natyrën, funksionin, menyren e punës, procedurat dhe mjetet financiare të Këshillit Evropian të Punëtorëve ose procedurat tjera të informimit dhe konsultimit .

Zbatimi i Ligjit

Neni 5

(1) Ky ligj zbatohet për shoqëritë në territorin e Bashkimit Evropian që kanë seli në Republikën e Maqedonisë dhe grupet e shoqërive nga territori i Unionit Evropian.

(2) Nese shoqëria ose shoqëria me ndikim dominues nuk ka seli të vet në vendin anëtar, dispozitat e këtij ligji zbatohen për çdo degë në Republikën e Maqedonisë, nëse shoqeria ose shoqëria me ndikim dominues e autorizon këte degë si përfaqësues të saj. Nëse nuk ka përfaqësues të autorizuar, ky ligj do të zbatohet, nëse në Republikën e Maqedonise ekziston degë ose shoqëri me më shumë punonjes në krahasim me degët ose shoqëritë tjera në grupin e shoqërive në vendet që nuk janë anëtare të UE-së.

(3) Ky ligj nuk zbatohet për ekuipazhin e anijeve tregtare.

Perkufizime

Neni 6

Shprehje të veçanta të përdorura në këtë ligj e kanë kuptimin si vijojnë:

1. "Ndermarrje/shoqëri që punon në nivel të UE-së" eshte çdo shoqëri me së paku 1 000 punonjës në kuadër të shteteve anëtare dhe së paku 150 punonjës në secilin prej së paku dy shtete anëtare;

2. "Grup i ndërmarrjeve/shoqërive" është shoqëria me ndikim dominues dhe shoqëritë nën ndikim dominues;

3. "Grup i ndërmarrjeve/shoqërive që punojnë në nivel të UE-së" është grup i shoqërive me karakteristika si vijojne: